РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 11-1307/1
04 MAR 2026 20 год
СКОПЈЕ

# Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите

**ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | ОПШТИНА АЕРОДРОМ |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Златко Стојчески, помлад соработник за родова еднаквост и координатор за еднакви можности на жените и мажите |
| **Период на известување** | 1.1.2025 - 31.12.2025 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 4.3.2026 година |

**Име и презиме (одговорно лице, градоначалник) што го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**
**Дејан Митески – градоначалник на Општина Аеродром**

**Датум: 4.3.2026 г.**

**Потпис:**

Република Северна Македонија - Општина Аеродром - Скопје

**Датум на прием на извештајот во Министерство за социјална политика, демографија и млади**

**Име и презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности што го примил извештајот):**

**Потпис:**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО СО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно со чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

Општина Аеродром има преземено програмски мерки.

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

1. Во текот на 2025 година продолжи и е во завршна фаза изградбата на новата детска градинка „Изворче", која ќе има капацитет за згрижување 200 деца. Оваа мерка има цел да го олесни усогласувањето на професионалните и семејните обврски на родителите, кои најчесто ја прекинуваат или ја ограничуваат својата работа поради потребата за грижа на своите деца.

2. Во текот на 2025 година продолжи реализацијата на инфрастуктурниот проект за доградба на првата фаза од Основното училиште „Блаже Конески", со цел подобрување на условите за образование и обезбедување еднаков пристап до квалитетно основно образование за девојчињата и момчињата. Проектот е планиран и спроведуван во согласност со принципите на еднакви можности и недискриминација, преку создавање, пристапна и функционална училишна средина за сите ученици.

3. Реконструкција и санација на скверот зад „ТЦ Капитол мол" и во внатрешниот дел покрај булеварот „АСНОМ", со цел подобрување на безбедноста, пристапноста и квалитетот на јавниот простор, обезбедувајќи еднаков и безбеден пристап за жените и мажите и другите категории граѓани.

4. Изградба на спортска сала во Основното подрачно училиште „Гоце Делчев" во населбата Долно Лисиче, со цел подобрување на наставата по физичко и здравствено образование, како и обезбедување простор за спортски и рекреативни активности на локалното население, без разлика на пол и возраст.

5. Финансиска помош за сите новороденчиња и првачиња на територијата на Општина Аеродром.

6. Доделување еднократна парична награда за ученик на генерација и најдобар наставник од секое основно училиште на територијата на Општина Аеродром, со цел поттикнување на образовниот успех и вреднување на наставниот кадар, со еднаков пристап за жените и мажите.

7. Општина Аеродром континуирано обезбедува можности за активно и рекреативно користење на спортската инфраструктура од страна на жителите. Во рамките на оваа мерка, на жителите им беше овозможено бесплатно користење на тениските терени, со цел поттикнување здрави животни навики, спортска рекреација и еднаков пристап за жените и мажите.

8. Во текот на 2025 година беше реализирана мерка за набавка и дистрибуција на таблет-уреди за учениците од четврто одделение во основните училишта на територијата на општината. Целта на оваа мерка е унапредување на воспитно-образовниот процес преку примена на дигитални алатки во наставата, подобрување на пристапот до образовни содржини и намалување на дигиталниот јаз меѓу учениците, обезбедувајќи еднакви услови за учење за девојчињата и момчињата.

9. Во насока на унапредување на културниот живот и еднаков пристап до културни содржини за

жените и мажите, Општина Аеродром го организира Меѓународниот културен фестивал „Гола месечина“. Фестивалот се одржува традиционално на отворено небо, под ведро небо, и опфаќа повеќедневна програма со стендап-настапи на домашни и странски актери и комичари. Настанот е отворен и достапен за сите граѓани, без ограничување врз основа на пол, возраст или социјален статус.

10. Финансиска поддршка на училишниот спорт преку обезбедување средства за активности и натпревари во рамките на Општинскиот сојуз на училиштен спорт.

11. Општина Аеродром започна со реализација на проект за изградба на првиот мултифункционален центар во Општината со цел зголемување на пристапот на граѓаните до културни, едукативни и социјални активности. Проектот предвидува реконструкција на просторот, вклучувајќи главна сала, фоаје, бифе и едукативни работилници, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби преку изградба на лифт и адаптиран ред за седење, како и организација на културни и социјални настани, како што се концерти, кинопроекции, театарски претстави, ликовни изложби и конференции со цел поттикнување на еднаквите можности за учество на сите граѓани без разлика на пол, возраст или физичка способност.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации – показатели, кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

1. Со изградбата на новата градинка, се овозможува зголемено учество на жените на пазарот на трудот. Преку обезбедување квалитетен предучилиштен капацитет, се намалува ризикот од напуштање на работното место поради семејни обврски, што директно придонесува кон родовата еднаквост и економска независност на жените.

2. Со доградбата се создаваат услови за воведување едносменска настава, што овозможува подолг и поквалитетен престој на учениците во училиштето, еднакво за момчињата и девојчињата. Ова придонесува за зголемени можности за реализација на дополнителни наставни и вонаставни активности, подобар воспитно-образовен процес и еднаков пристап до образовни ресурси за сите ученици.

3. Со спроведувањето на мерката е подобрена функционалноста и безбедноста на јавниот простор, зголемена е пристапноста за сите корисници и се создадени услови за еднакво користење на просторот од страна на жените и мажите. Зголемено е користењето на скверот и е подобрена уредноста на просторот, подобрена е пристапноста за деца, постари лица и лица со попреченост.

4. Во подрачното Основно училиште „Гоце Делчев“ наставата ја посетуваат 200 ученици, кои во наредниот период ќе добијат спортска сала изградена согласно со современи стандарди за безбедност и функционалност. Салата ќе овозможи еднаков пристап до спортски активности за девојчињата и момчињата во рамки на редовната настава, како и можност за организирање вонаставни спортски активности. Дополнително објектот ќе биде на располагање и на жителите на Долно Лисиче, со што ќе се намали потребата граѓаните да користат спортски капацитети во други населби и ќе се зголеми вклученоста на жените и мажите во спортски и рекреативни активности.

5. Финансиска помош за новороденчиња изнесува 8.000 денари, а за првачиња 3.500 денари.

6. Општината додели еднократна парична награда на ученик на генерација и на најдобриот наставник од секое основно училиште на територијата на Општина Аеродром. Износот на наградата изнесува 10.000 денари по лице. Мерката се спроведува врз основа на еднакви критериуми за сите кандидати, без разлика на пол.

7. Како и во претходните години, така и во текот на 2025 година Општина Аеродром им овозможи на своите жители бесплатно користење на тениските терени. Мерката придонесе за зголемена вклученост на населението во спортско-рекреативни активности, како и за унапредување на пристапот до спортски содржини за двата пола.

8. Со набавката на таблет-уреди се овозможи подобрување на квалитетот на наставата преку користење дигитални образовни содржини, зголемена интерактивност и вклученост на учениците во наставниот процес, како и поддршка на наставниците во модернизација на методите на предавање. Мерката придонесува за обезбедување еднаков пристап до дигитални ресурси за сите ученици, без разлика на пол и социјална заднина, со што директно се поддржува принципот на еднакви можности за девојчињата и момчињата во образованието.

9. Фестивалот придонесе за зголемена вклученост на граѓаните во културни настани и создаде инклузивен јавен простор за заедничко учество на жените и мажите. Посетеноста покажува значителен интерес за културни содржини, особено кај женската популација, што укажува на позитивно влијание врз ваквите настани врз културната партиципација.

10. Поддршката на училишниот спортот позитивно влијае врз психофизичкиот раст и развој на младите и придонесува за зголемување на нивното учество во разновидни спортски активности. Мерката овозможува поголема вклученост на учениците од двата пола и поттикнува здрави животни навики кај младата популација.

11. Се планира мерење на бројот на реализирани културни и едукативни настани настани, ќе се следи учеството на жените и мажите во активностите.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме, наведете само аутпут индикатори[1])**

1. Во 2026 година, според податоците од двата постојни клона на градинките на територијата на Општина Аеродром, постојат околу 427 барања за упис, што укажува на висок интерес и потреба за нови капацитети. Со новата градинка значително ќе се намали притисокот врз семејствата и ги поддржува родителите, особено жените, да се вклучат активно на пазарот на трудот.

2. Како конкретни резултати од спроведувањето на мерката се предвидува зголемување на бројот на ученици и специјализирани кабинети, што ќе обезбеди подобра организација на наставата и еднаков пристап до наставните ресурси за девојчињата и момчињата. Дополнително, изградбата на библиотека, мултифункционален хол, кујна со трпезарија и соодветни санитарни јазли, вклучително и тоалет приспособен за лица со попреченост, придонесува за создавање инклузивна училишна средина што ги зема предвид различните потреби на учениците од двата пола. Објектот ќе биде опремен со лифт и енергетски ефикасна фасада, со што се подобрува безбедноста, пристапноста и условите за престој на сите ученици. Во училиштето учат вкупно 110 ученици, од кои девојчиња се 524 и момчиња 586.

3. Реконструиран и целосно уреден сквер, подобрено јавно осветлување уредени пешачки површини и зголемена пристапност и безбедност за корисниците, со можност за еднакво користење од страна на жените и мажите.

4. Со реализацијата на оваа мерка се создаваат поквалитетни услови за развој на спортскиот дух,

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги што се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог-буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

промоција на здрави животни навики и зајакнување на еднаквите можности за жените и мажите, при што инвестициите во вакви капитални проекти придонесуваат за создавање здрава и активна младина. Зголемен број ученици (девојчиња и момчиња) што активно учествуваат во наставата по физичко образование. Обезбеден еднаков пристап до спортска инфраструктура за млади од двата пола. Зголемен број организирани спортски и рекреативни активности за локалното население. Подобрени услови за правилен раст и развој на младата популација. Во подрачното основно училиште „Гоце Делчев" учат вкупно 200 ученици, од кои девојчиња се 90 и момчиња 110.

5. Во текот на 2025 година Општина Аеродром има исплатено финансиска помош на 692 првачиња, а корисници на финансиски средства се 432 (61,13 %) жени и 269 (38,87 %) мажи, за разлика од 2024 година, намален е процентот на корисничи за 0,54 %, а бележи зголемување кај мажите за 0,54 %.
Во текот на 2025 година Општина Аеродром има исплатено финансиска помош за 630 новороденчиња. Корисници на финансиските средства биле 368 (58,41 %) жени и 262 (41,59 %), мажи, за разлика од 2024 година, намален е процентот на корисничи за 3,32 %, а зголемување кај мажите за 3,32 %.

6. По претходно доставени предлози од основните училишта и донесена одлука од Советот на Општина Аеродром, еднократна парична награда добија вкупно 9 ученици на генерација, од кои 5 девојчиња и 4 момчиња, што укажува на рамномерна родова застапеност меѓу најуспешните ученици. Парична награда за најдобар наставник добија вкупно 8 наставници, од кои 8 жени, што ја одразува родовата структура во наставниот кадар во основното образование. Мерката придонесува кон унапредување на еднаквите можности преку јакнење и мотивација за образовни постигнувања независно од пол.

7. Во текот на 2025 година тениските терени ги користеле 1769 жители, од кои жени биле 581 (33 %) и мажи 1188 (67 %), во споредба со 2024 година, евидентирано е намалување на процентот на жени корисници за 4 % и зголемување кај мажите за 4 %.

8. Проектот за набавка на таблет-уреди ги опфати сите ученици од четврто одделение во основните училишта на територијата на општината. Вкупниот број опфатени ученици изнесува 907, од кои 450 се девојчиња и 457 се момчиња, со што се обезбеди целосна опфатеност и еднакви технички услови за следење на наставата. Реализацијата на оваа мерка придонесува за развој на дигиталните вештини кај учениците, подобрување на квалитетот на наставата и создавање еднакви можности за натамошен образовен развој во услови на дигитална трансформација.

9. Меѓународниот фестивал „Гола месечина" предизвика голем интерес кај жителите на Општина Аеродром, при што вкупната посетеност изнесуваше 888 лица. Од нив, 567 беа жени, а 321 мажи, што претставува процентуална застапеност од 63,8 % жени и 36,2 % мажи. Овие податоци укажуваат дека културните настани од ваков тип поттикнуваат зголемен интерес и учество кај жените и придонесуваат за унапредување на еднаквиот пристап до културниот живот во општината.

10. Финансиската поддршка на училишниот спорт е од особено значење за создавање здрава и активна млада популација што придонесува за развојот на заедницата. Општината обезбедува континуирана поддршка преку Општинскиот сојуз на училишниот спорт. Во текот на 2025 година во училишниот спорт биле вклучени 596 ученици, од кои 271 девојчиња (45,47 %) и 325 момчиња (54,53 %). Овие податоци укажуваат на пораст на вкупниот број на училишниот спорт во 2025 година во однос на 2024 година, со релативно избалансирано учество на девојчиња и момчиња.

11. Показатели за следење на успешноста и напредокот вклучуваат број на културни и едукативни настани реализирано годишно, број на посетители вклучително лица со посебни

потреби, пристапност на објектот преку функционирање на лифтот и адаптираните седишта, учеството на жените и мажите, како и задоволство на корисниците од културните и едукативни содржини.

**2.5. Доколку имате документи и прилози што зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

Секој сектор во општината води посебно своја сопствена статистика и координаторот за еднакви можности ги прибира податоците од нив.

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС:**

Општина Аеродром секоја година прави програма и буџет. Сите овие документи ги има објавено на веб-страницата на општината.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации – показатели, кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Мерењето на успешноста на иницијативите можат да се видат од 2.4 од овој Извештај.

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме, наведете само аутпут индикатори)**

Не можат да се определат аутпут индикатори во сите активности.

**2.9. Доколку имате документи и прилози што зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

Напредокот и успешната реализација на иницијативите постојат објави и информации достапни на официјалната веб-страница на Општина Аеродром. На територијата на Општина Аеродром функционираат 11 урбани заедници во кои се ангажирани околу 10 вработени лица коишто се во редовна и непосредна комуникација со жителите на општината. Преку оваа комуникација, вработените ги прибираат сите релевантни информации во врска со барањата, потребите и проблемите на граѓаните што навремено се доставуваат до општината.

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Во текот на 2025 година Општина Аеродром ја продолжи и дополнително ја унапреди соработката со (UN Women), преку учество во заеднички иницијативи насочени кон промоција на родовата еднаквост и зајакнување на улогата на жените во локалната заедница. Воедно општината соработува со социјалните партнери, граѓанските организации и здруженија што дејствуваат во областа на еднаквите можности на жените и мажите. Општина Аеродром активно соработуваше и со ЗЕЛС (Здружение на единиците на локалната самоуправа), преку размена на добри практики, учество во работни средби и координација на активности за унапредување на родово одговорните политики на локално ниво. Преку оваа соработка се зајакнува институционалниот пристап кон интегрирање на родовата перспектива во локалните програми, со цел обезбедување еднаков пристап и можности за жените и мажите во сите сфери на општествениот живот.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци што се однесува на човечки ресурси**

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

| |
|---|
| Базата на податоци со кои располага ЕЛС не е во целост разделена по пол. Родово разделени податоци собира Секторот за управување со човечки ресурси и координаторот за еднакви можности.<br><br>**б) база на податоци што се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**<br>*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**<br>Архивата на Општина Аеродром, т.е. базата на податоци не е разделена по пол. Поединечните сектори во општината водат сопствени бази на податоци согласно со нивните надлежности. Координаторот за еднакви можности води родово разделени статистички податоци разделени според полот, кои се однесуваат на Општина Аеродром и опфаќаат: општинска администрација, членови на Советот на општината, основни училишта, детски градинки и население на општината. Оваа база на податоци се ажурира и се дополнува секоја година со нови податоци. |
| **2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**<br><br>Општина Аеродром нема донесено локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Активностите во оваа област се реализираат согласно со Стратегијата 2021-2025 на Општина Аеродром, која претставува стратегиска рамка за унапредување на родовата еднаквост. Во Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2026 година е предвидена изработка на локален акциски план. |
| **2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**<br>**б) кои резултати се постигнати согласно со Акцискиот план**<br>**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**<br>**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?** |
| **2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br>Надлежноста и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација во Општина Аеродром. |
| **2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>**а) слушател/слушателка**<br>**б) обучувач/обучувачка**<br>Координаторот за еднакви можности на обуките се јави како слушател. |

| |
|---|
| 2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**<br><br>1. Едукативен е-курс на тема: „Вовед во вклучувањето на родовите аспекти во политиките на локално ниво“ во организација на НАЛАС.<br>2. Обука на тема: „Родово одговорни семејни политики“ во организација на Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) и Здружение „Конект“.<br>3. Обука на тема: „Градење капацитети за родово одговорно буџетирање“ |
| **2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување знаења (пренесување информации, споделување материјали, држење кратки сесии за пренесување знаења на колеги итн.)**<br>**Ве молиме, опишете**<br>Пренесувањето на стекнатите знаења во рамките на институцијата се одвива преку неформални и формални механизми на комуникација и соработка. Во секојдневната работа и непосредната комуникација со колегите и колешките се интегрира родовата перспектива преку споделување практични примери и укажување на значењето на родовата еднаквост во креирањето и спроведувањето на општинските политики и услуги. Овој пристап придонесува за постепено јакнење на родовата сензитивност во институционалното работење. Воедно, знаењата се споделуваат и преку активно учество во работата на интерсекторската група, каде што редовно се разменуваат информации, се разгледуваат родово сензитивни прашања и се предлагаат мерки за нивно системско вклучување во планирањето и одлучувањето на локално ниво. |
| **2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**<br>За 2025 година беа планирани повеќе активности:<br>- Унапредување на ефикасноста на механизмите за родовата еднаквост на ниво на општина;<br>- Поддршка на механизми за заштита на жени жртви на родово базирано насилство;<br>- Економско јакнење на младите и креирање услови за развој на претприемаштвото;<br>- Кибербезбедност и ефективни стратегии за спречување кибернасилство. |
| 2.19. **Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**<br><br>Сите иницијативи беа усвоени од ЕЛС. |

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКТИКИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

| |
|---|
| **3.1. Наведете предизвици со кои сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**<br>Стереотипи поврзани со родовата еднаквост и нецелосни податоци, кои отежнуваат следење на родовите показатели. |
| **3.2. Споделете пример за добра или лоша практика**<br><br>Како добра практика во 2025 година во Општина Аеродром се издвојува добрата соработка меѓу координаторот за еднакви можности со КЕМ и интерсекторската група за еднакви можности на Општината во текот на 2025 година. Оваа соработка се реализираше преку состаноци и меѓусебна поддршка во процесите на креирање и следење на локалните политики |

за родова еднаквост.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

- Воспоставувањето родово раздвоена статистика е клучно за креирање ефективни локални политики.
- Потребна е континуирана едукација и обуки на локалната администрација, а пред сè, раководителите на секторите за родовата еднаквост.
- Ефектите на состаноците, обуките и работилниците со физичко присуство се неспоредливи со виртуелните состаноци што се актуелни во последниве години.
- Поддршка од раководството е клучна за одржливоста на политиките за еднаквите можности.

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратегиски документи на ЕЛС итн.)**

- Кибернасилство - превенција и едукација
- Поддршка на механизми за заштита на жени жртви на родово базирано насилство.
- Изработка на Акциски план за родова еднаквост (2026-2029)

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

КЕМ на Советот на Општина Аеродром е формирана во 2005 година (07-28/2)

**5.1.1. Ве молиме, наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол -** 2 се од женски пол и 3 се од машки пол, од кој еден е претседател на комисијата.

**б) Образование -** 5 члена се со високо образование.

**в) Етничка припадност-** 5 члена Македонци.

**г) Припадност на политичка партија -** 3 членови од ВМРО-ДПМНЕ, 1 член од СДСМ, 1 независен член.

**5.2. Наведете дали комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување развојна програма на единицата на локалната самоуправа -ДА**

**б) во донесување буџет на единицата на локалната самоуправа - ДА**

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа - ДА**

На сите работните состаноци на Координаторот за еднакви можности и претседателот на комисијата за еднакви можности беше вклучен и покажа посебен интерес за имплементација на родовата еднаквост во општината, како и сите други членови на комисијата.

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**

Комисијата соработува со координаторот за еднакви можности и има голема поддршка.

| |
|---|
| **5.4. Дали комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**<br>- Комисијата заедно со координаторот ја изработуваат Годишната програма на општината. |
| **5.5. Наведете колку состаноци има одржано комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри практики од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**<br>Во текот на 2025 година КЕМ одржа неколку неформални состаноци со координаторот. |

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост меѓу централно и локално ниво или меѓу ЕЛС**

- Координација на комисиите за еднакви можности на централно и локално ниво;
- Поголем надзор на МТСП во однос на работењето на комисиите за еднакви можности на локално ниво;
- Обуки на тема родова еднаквост и собирање на родово разделени податоци за службеници од сите сектори;
- Подобра меѓуопштинска соработка заради размена на идеи и искуства.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Подобра соработка со секторите, како и неопходно вклучување и обука за родова еднаквост на целокупната администрација, а пред сè, раководителите на секторите, целокупниот кадар во основните училишта и градинките на локално ниво, со цел сузбивање на родовите стереотипи, градење култура на недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет за полесно имплементирање на родовата еднаквост во своите програми.